

# За творбите и идеите
## (во ателјето на Спартак Паскалевски)

Музеј - Куманово, октомври 2014

За Спартак Паскалевски поканата за учество на познатата Ликовна колонија во Пелинце во 2013 година се претвори во импулс за создавање на сликарските серии *„Кокино“*, *„Гласови“*, а полиптихот *„Будење“* (синкрестасис со променлива структура во просторот) е вклучен во серијата *„Духот на земјата“*, дел со кој се претставува на актуелната изложба во Куманово.

Го посетив ателјето на уметникот отстапено од еден колекционер во околината на Хајделберг, во чија огромна светла сала беа наредени делата, создадени во почетокот на оваа година. Првично најавениот проект *„Воскресение“*, создаден за изложба во Скопје, тука се развил во серијата *„Искушение и просветление“*. Замислата е поврзана со земјотресот во Скопје од 1963 година. На 25 јули 1963 година идниот уметник пристигнува вечерта во Скопје, а на 26 јули рано изутрина, станува непосреден сведок на трагичниот настан. По среќна случајност тој преживува, но многу од неговите блиски гинат. Ете зошто неговата желба е оваа спомен-изложба да биде претставена во неговиот роден град Скопје. Но како што забележува авторот: „се појавија многу „загрижени“ за нејзиното реализирање, како и „добронамерни ... поети.“ Уште тогаш сфатоил, дека таа „загриженост“ е насочена всушност кон спречување на реализацја на изложбата.

Серијата *„Искушение и просветление“* е нова фаза во неговата творечка дејност, дефинирана од циклусот *„Оптофонохроми“*, посветен на познатиот диригент Јордан Камџалов и претставен на изложбата во текот на 2014 година во Конгресхаус, Хајделберг. Таа серија ги продолжува неговите експерименти од пред неколку години во Германија, како и неговиот работен пристап во циклусите *„Хромофони“* и *„Rhythmus“*, изложени во Галеријата „Шипка 6“, Софија (2011).

Духот на мегалитската опсерваторија Кокино го насочува уметникот кон синкретичната обврзувачка врска на човекот од епохата на неолитот со тајните на космосот (сериите *„Духот на земјата“* и *„Кокино“)*. Тој е импресиониран од разговорите со познатиот археолог Јовица Станковски при првата средба со артефактите на Кокино - еден архаичен пример за природен и глобален универзализам. Според проф. Паскалевски оваа прва фаза е синкретична: кај неа уметноста, или поточно духот на првичното креативно дејствие успева да ја одрази врската на човекот со природата. Следната фаза е цивилизациска: тоа е универзализирачка дејност на древниот Рим. На крајот на XX и почетокот на XXI век се оцртуваат футуристичките хоризонти на политичкиот глобализам. Во историскиот живот на човекот тие ги рефлектираат различните типови и форми на духовно-



човечките и на социјалните дејства. Во древните форми синкретичниот феномен се поврзува во голема мера со светот на сакралното (види. Паскалевски, Сп.: Проекција на сакралното ..., 2008). Сакралното е почетна антрополошка даденост, која целосно го структурира човечкото суштествување, неговата култура, трансцедентентната основа и симболичките ресурси. Паскалевски ни кажува, дека во јазикот на уметноста „човекот“ е космичко суштество и универзален код. А таинството на креативниот процес, уште Огист Роден го поврзува со искреноста. Спартак Паскалевски ја восприема искреноста во уметноста како заемно проникнување на три важни компоненти: хармонија, совршенство и од-говор-ност. Притоа уметникот ја разбира хармонијата како престој во самообно-вувањето, а совршенството - како предаденост и соучество со космосот. Да го слушаш „говорот“ на јазикот на уметноста, и да „од-говараш“ на неговиот јазик, значи да се изразуваш со јазикот на универзалиите, да општиш, потопен во динамиката на сеопштото вселенско опкружување.

Во разговор со уметникот, темата за уметноста не приближува кон темата за творештвото како таинство. Навистина, интересот кон различни форми на психолошкото се појавува на крајот на XIX. и во XX в., доминира во сферата

на подсвесното, на ужасот и стравот, а преку уметноста - и кон нејзиното необјасниво таинство. Го паметам и неговото контрапрашање:

> *„Убавината не е ли таинство? И таа е толку недостапна како секое друго тешко достигливо, но таинство, кое е усогласено со човечката природа. „*

Во интервјуто, објавено во Каталог на изложбата „9 + 1“, спонзориран од Министерството за култура на Баден Виртемберг, претставено во рамките на X Меѓународен фестивал на уметностите во Националниот дворец на културата Софија (2005), Спартак Паскалевски нагласи дека во уметноста го интересира „скриената“ апстрактност. Во „очевидната“ апстрактност недостасува неописливиот дух на таинството. Формогенеративните аспекти на овој тип „скриена“ апстрактност и сега за него е актуелна тема во дискусиите на креативниот интелектуален круг „Елипса“ од Манхајм, чиј поглед е насочен кон проблемите на синтезата, кон обврзувачките аспекти на геометријата и топологијата, на симбиозата и синергијата.

Посетата на Спартак Паскалевски на Кокино во 2013 година ја засили неговата убеденост, дека во културните пластови на Балканот се содржат бројни артефакти, кои на необичен начин го разоткриваат светот на човекот и неговата преобразувачка творечка енергија. Затоа што Балканот и слоевите на палеобалканската култура се вистинска лабораторија во барањето на нови форми и нови насоки за развојот на современата уметност. За редица големи творци на XX в., Балканот е извор на вдахновение. Доволно е да се спомenat оригиналните инвенции на Ле Корбизје, како и иновативните идеи на композиторите Јанис Ксенакис, Анестис Логотетис и нивното уникатно присуство во музиката на XX век.

Денес премногу се зборува за криза, не само во современата уметност, туку и за криза на духот и смислата на творечката активност. Спартак Паскалевски ја поврзува оваа криза со присуството на креативната илузија, која го пренебрегнува и го исклучува таинството на ликот, така што не отуѓува од магијата и енергијата на неговите неуловливи трансформации.

Освен делата од Пелинце и сериите *„Кокино“, „Гласови“* и *„Духот на земјата“,* подготвени за актуелната изложба, интерес претставуваат и следните проекти, поврзани со развојот на неговите идеи за формата и бојата. Се запознав со неговите уметнички проекти, скици и текстови во ракопис. Ме восхити обемната замисла на серијата *„RU“ („Re-forma universalis“),* која според идејата и структурата напомнува на програмската творба на Бах „Уметност на фугата“.

И одново се сетив на мислата за уметникот во книгата „Мистичен празник“ (2010, стр. 17), којашто ја споделувам, дека ... видливоста на неговото присуство го претставува само оној согледлив дел од еден осамен, и во одреден степен загадочен остров, којшто со леснотија го назираме во далечината на хоризонтот, без да можеме реално да го претставиме оној дел од него, којшто е потопен во морето. Не само тој, туку и ние сме на пат да се приближиме кон него, со претчувство за она што не очекува како полнотија и целосност.

Проф. д-р Румјана Златанова
Хајделберг, јуни 2014 г.
Превод: Конча Пиркоска



Серија *„Искушение и просветление“.*



Циклус *„Оптофонохроми“*





Серија „*Искушение и просветление*“



*„Гласови“*



Циклус *„Оптофонохроми“*,



*„Гласови“*



Серија *„Духот на земјата“*





Полиптих *„Будење“* (синкрестасис со променлива структура во просторот) е вклучен во серијата *„Духот на земјата“*

### *Спартак Паскалевски*

| | |
|---|---|
| 1947 | Роден е во Скопје |
| 1966-1971 | Студира на Художествената академија, Софија, специјалност, Графика и илустрација на книга‘ |
| 1971 | Уметничко-творечка дејност во областа на: графиката, илустрацијата, сликарството, керамиката, скулптурата |
| | Специјализации: |
| 1967 | Литографија во Будапешта, |
| | Висок печат во Москва, 1970 |
| | Подготовка на книга во Лајпциг, 1980 |
| 1976 | Член на Сојузот на бугарските уметници |
| 1976-1985 | Соработник на Бугарското национално радио и БАН, секција за наука и уметност |
| 1985-1991 | Слободен уметник |
| 1991-1996 | Предава Историја на ликовната уметност, на Италијанскиот лицеј, Софија |
| 1996 | Одбрана на докторска дисертација *“Композициските проблеми на ликовноста во бугарското и грчкото сликарство и графика од 20-те – 30-те години на XX век”,* Софија |
| 1997 | Хабилитациски труд: *“Етичките идеи на Б. Спиноза и уметноста на Рембрант”* |
| 1997 | Предава историја на ликовната уметност во Шуменскиот универзитет „Епископ Константин Преславски“ |
| 1998 | Ја основа и раководи „Лабораторијата за семјотика и иконографија” при Центарот за теологија на Шуменскиот универзитет |
| 1999 | Меѓународно жири при Миланскиот универзитет го удостојува за Професор по „морфологија на уметничките форми”. Предава и води специјалн курсеви во Италија, Германија и Грција |
| 2004 | Го создава „Студио 129” за инвенции во уметничката практика |
| 2010 | Доктор на науките за историја на уметноста со трудот *“Проекции на сакралното во уметноста на балканските уметници од 20-40-те години на XX век”,* и професура |

**Теми на изложби и проекти (избор)**

| | |
|---|---|
| 2000 | Синергија „Капката“ – синтеза од керамика и музика за виолина, обоа и флејта. Галерија „Шипка 6“, Софија |
| 2001 | “Сердарот” – графички циклус, посветен на Г. Прличев, Охрид |
| 2002 | „Музички варијации“ (од циклусот „Шумен“ на Панчо Владигеров) – комбинирана техника, Хајделберг |
| 2003 | „На сребрени крила понесен...“ (Р. М. Рилке)– сликарски циклус, Манхајм |
| 2004 | „Полифонии“ – цртежи, акварели, Галерија Офтерсхајм |
| 2004 | „Житието на Св. Методиј“– графички и сликарски циклус, Елванген, Виена |
| 2005 | „Орфееви песни“, полиптих, Проект “9 + 1”, НДК, Софија |
| 2006 | „Осветени средби“ – сликарски циклус, Берлин |
| 2006 | „Евангелие по Јован” – сликарски циклус. Providenz-Kirche, Хајделберг |
| 2007 | „Во спомен на Ел Греко“-сликарски циклус, Пиргос |
| 2008 | „Мистичен празник“, триптих во катедралата Химерод, Германија |
| 2009 | „По патот на рајот“– сликарски циклус, Kulturforum, Пасау |
| 2010 | „Семето на бранот“ – сликарски циклус, Пасау |
| 2010 | „12 погледи кон Св. Богородица” - сликарски циклус, Химерод |
| 2011 | „Три азбуки – еден дијалог“ – сликарски циклус, во чест на 625 г. на универзитетот во Хајделберг |

| | |
|---|---|
| 2011 | „Да влезеш во ателјето" – сликарство, Галерија „Шипка 6", Софија |
| 2011 | „Да ги допреш зборовите" – сликарство, цртеж, Галерија "Црвената куќа", Софија |
| 2012 | „Ден на воскресение", Галерија "Е. Карамихајлова", Шумен |
| 2013 | Серија "Hans Egon Wörlen" – сликарство, „Музеј на вода", Пасау |
| 2014 | Серија „Партитури на срцето" – сликарство, Офтерсхајм |
| 2014 | „Оптофонохроми" – сликарски циклус, Конгресхаус, Хајделберг |

**Многубројни публикации** во областа на: теоријата , философијата и историја на уметноста и културата, иконографија и иконологија, европски уметнички дијалог: Балканот и Европа во текот на XX в. На пр.:

*Paskalevski, S., M. Tietze, R. Zlatanova:* 9 + 1 Katalog zur Ausstellung anlässlich des X. Salon des Arts 2005 im Kulturpalast, Sofia München 2005.

*Паскалевски, Сп.* (изд.): Дијалог и духовност, т. I. Зборник. Софија 2006.

*Паскалевски, Сп., Р. Златанова:* Родот Парис Паризови. Софија 2006.

*Paskalevski, S.:* Die Vita des hl. Methodius. München 2006, zweisprachig bulgarisch und deutsch, mit zahlr. Abb.

*Паскалевски, Сп.:* Проекции на сакралното во уметноста на балканските уметници од 20-40-те години на XX век. Дијалог и духовност, т. II. Софија 2008.

*Paskalevski, Sp.*: Sakraler Raum und modellierende Zeichensysteme. B: Bulgarien in Himmerod. Hrsg. von Abt Bruno Fromme, Rumjana Zlatanova. München 2008, 181-211.

*Paskalevski, Sp., F. Mekelburg, K. Mekelburg:* Worte, Bilder, Töne. Paradoxa und Sarkasmen. Dialog i duchovnost, t. III. Sofia 2009.

*Paskalevski, S.:* Triptychon *Mystisches Fest.* Hl. Benedikt und die hll. Kyrill und Method in Himmerod. Dialog i duchovnost, т. IV. Sofia 2010.

*Paskalevski, Sp., R. Zlatanova:* Auf Terpsichores Schwingen. Die Ballerina Emilia Andonova. Dialog i duchovnost, t. V. Sofia 2011.

*Paskalevski, Sp.*: Tag der Auferstehung. Sofia 2012.

*Paskalevski, Sp., R. Zlatanova:* Klangwelten. Der Dirigent Yordan Kamdzhalov. Dialog i duchovnost, t. VI. München-Berlin-Washington D.C. 2014.

**Реферати на меѓународни симпозиуми во Бугарија и странство**

**Самостојни изложби** во Бугарија и странство: Софија, Виена, Париз, Берлин, Магдебург, Дрезден, Варшава, Џемона, Охрид, Москва, Атина, Амалјада, Хајделберг, Елванген, Офтерсхајм, Манхајм, Еинген, Алтрип, Химерод, Дизелдорф, Пасау и др.

**Редовно учество на годишните национални изложби во Бугарија** (1971-1990)Учество на Биеналето на графика: од 1981-2001 Варна, 1983-1989 Берлин, 1987 Барцелона, 1993 Париз, 1993 Мастрихт, 1993-1995 Канагава, 1995, 1997 Краков

**Учество на Триенални изложби на графика:** 1999 Краков, Канагава, 2000 Каиро

**Учество на репрезентативни изложби на бугарската уметност во странство:**
Европа, САД, Кувајт, Сирија, Египет, Индија, Јапонија, Мексико, Куба, Перу, Кина, Литванија, Естонија, Кипар.

**Награди и признанија**

| | |
|---|---|
| 1996 | Признание за творчки инвенции на Универзитетот во Милано (Италија) |
| 1998 | Награда за проект „Канова и Леопарди" |
| 1999 | Носител на Сребрениот знак на градот Џемона (Италија) - за придонес во културата и уметноста |
| 2000 | Диплома од Неговата Светост Максим, Патријарх бугарски |
| 2005 | Специјална награда на X Салон на уметноста, НДК, Софија |

paskalevski@gmail.com
www.paskalevski-spart.com

Серија *„Духот на земјата"*



Влада на Република Македонија
Министерство за Култура

Издавач: НУ Музеј - Куманово
За издавачот: Анита Цветановска
Автор: Проф. д-р Румјана Златанова
Дизајн на каталог: Нели Санд
Печати: Симе-Граф Куманово
Тираж: 300
Куманово 2014
Министерство за култура на Република Македонија